# СТРАТЕШКИ ПЛАН НА

# ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКО СОЦИЈАЛЕН СОВЕТ НА ОПШТИНА ШТИП

Јули 2013

## СОДРЖИНА

ЛИСТА НА КРАТЕНКИ ... 1
РЕЗИМЕ ... 2
ВОВЕД ВО СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ ... 3
МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН ... 4
1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОПШТИНА ШТИП ... 5
1.1 Општина Штип – основни податоци ... 5
1.2 ПЕСТЛЕ Анализа ... 5
2. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ВО ОПШТИНА ШТИП ... 21
2.1 Цели и задачи на Локалниот Економско Социјален Совет – ЛЕСС на општина Штип ... 21
2.2 Состав и работни тела на ЛЕСС ... 22
2.3. SWOT Анализа ... 23
2.4. Анализа на засегнати страни ... 24
3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ ... 27
3.1. Визија ... 27
3.2. Мисија ... 27
3.3. Вредности ... 27
3.4. Приоритетни области ... 27
4. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ ... 27
Прилог 1: АКЦИОНЕН ПЛАН НА ЛЕСС ШТИП ... 29
Прилог 2: ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН НА ЛЕСС ШТИП ... 36

## ЛИСТА НА КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| АВРМ | Агенција за вработување на Република Македонија |
| АП | Акциони планови |
| БДП | Бруто домашен производ |
| ДЗС | Државен завод за статистика |
| ДУП | Детален урбанистички план |
| ЕДЦ | Центар за развој на образованието |
| ЕСС | Економско Социјален Совет |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕФТА | Европска асоцијација за слободна трговија |
| ЈПП | Јавно приватно партнерство |
| КД | Колективно договарање |
| ЗГ | Здружение на граѓани |
| ЗЕЛС | Заедница на единици на локална самоуправа |
| ЛАП | Локални акциони планови |
| ЛЕСС | Локален економско социјален совет |
| ЛС | Локална самоуправа |
| МОН | Министерство за образование и наука |
| МОТ | Меѓународна Организација на Трудот (International Labor Organization) |
| МТВ | Министерство за транспорт и врски |
| МТСП | Министерство за труд и социјална политика |
| НБРМ | Народна Банка на Република Македонија |
| НВО | Невладина организација |
| СТО | Светска Трговска Организација |
| УСАИД | Агенцијата за меѓународен развој на САД |
| ЦеПроСАРД | Центар за промоција на одржливи земјоделски практики и рурален развој |
| ЦЕФТА | Договор за слободна трговија во централна Европа |
| ЦРИПР | Центар за регионален развој на источниот плански регион |
| ЦСР | Центар за социјални работи |

## РЕЗИМЕ

Стратешкото планирање е демократски процес за креирање на визија, мисија и стратегии за достигнување на посакуваната иднина на една организација и претставува корисна алатка за насочување на активностите за имплементација на стратегијата и нивно претставување во форма на стратешки документ. Стратешкиот план за Локалниот Економски Социјален Совет (ЛЕСС) на Општина Штип е подготвен за периодот 2013 - 2017 година.

ЛЕСС на општина Штип е формиран во февруари 2013 година, како заедничко советодавно и консултативно тело на општина Штип, основано од општина Штип, Организацијата на работодавачи на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија - Синдикална канцеларија Штип и Конфедерација на слободни синдикати на Македонија. ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците и работодавачите во општината и дава свои мислења и предлози. Од специфичен интерес на ЛЕСС се прашањата за вработување на младите и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем. При изработката на планот беа земени во предвид социјалните и економските аспекти кои се од интерес за локалното население и општината, како и сите други релеванти информации поврзани со областите на делување на советот.

Процесот на креирање на Стратешкиот план на ЛЕСС Штип беше аналитичен и креативен процес, преку кој членовите на ЛЕСС Штип со директно учество ги зајакнаа сопствените капацитети, што понатаму допринесе кон олеснување на разбирањето на задачите на членовите и улогата на ЛЕСС. Во подготовката на планот беа вклучени сите членови на ЛЕСС Штип, кои од свој аспект дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ кој ги отсликува потребите и предлозите на засегнатите страни.

Визијата на ЛЕСС Штип е: *Европски профилиран центар во регионот со воспоставен социо-економски дијалог во кој младите ја препознаваат својата иднина.*

Мисијата дефинирана во процесот на стратешко планирање е: *ЛЕСС е препознатливо професионално тело за креирање на проекти кои ќе придонесат кон подобрување на економско-социјалните услови во општина Штип*.

Вредностите според кои што ќе се води ЛЕСС се *почитување и усогласување на различните ставови и мислења на членовите на ЛЕСС и целокупната локална заедница, особено водејќи сметка за потребите на младите, одлучно, чесно и посветено работење и реализирање на целите, водејќи се од вредностите:*

***Л** – лојалност кон интересите и потребите на сите граѓани на општина Штип*

***Е** – единственост во настапот при застапувањето на интересите на граѓаните на општина Штип*

***С** – стручност во пристапот и работата на советот*

***С** – соработка со секој кој е подготвен да придонесе за доброто на општината.*

Во процесот на стратешко планирање беа одредени и приоритетните области на работење на ЛЕСС Штип кои произлегуваат од функцијата и улогата на ЛЕСС: економија, образование и социјални работи.

Претставниците на ЛЕСС издвоија три стратешки цели и дефинираа сет на активности неопходни за остварување на поставените цели и неопходни за функционирање на советот и тоа: 1. Намалување на невработеноста на младите во општина Штип; 2.Зајакнување на капацитетите на ЛЕСС и 3. Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на општина Штип.

Со имплементацијата на Стратешкиот план на ЛЕСС ќе се придонесе кон подобрување на состојбите и прашањата што се однесуваат на економско - социјалната положба на работниците и работодавачите во општината , а со тоа ќе се подобри квалитетот на животот во општината.

## ВОВЕД ВО СОЦИЈАЛНИОТ ДИЈАЛОГ

Социо – економскиот развој е неопходен во услови на прилагодување на економските и социјалните системи во поглед на глобализацијата со која сите држави се соочуваат. Со цел соодветно да се управува со овој процес на прилагодување од голема важност е постоењето на социо-економски дијалог помеѓу главните вклучени страни. Социјалниот дијалог зависно од тоа каков третман има во едно општество, во голема мера влијае врз општествените промени (позитивно или негативно). Развиениот социјален дијалог создава позитивна клима, хармонија и разбирање на социјалните партнери во креирањето на заеднички економско-социјални политики, додека слабиот и неразвиен социјален дијалог создава конфликти, недоразбирање и неусогласеност во однос на економските и социјалните политики. Социјалниот дијалог генерално создава економски просперитетно општество, додека немањето на социјален дијалог продуцира социјални немири и индустриски конфликти кои негативно се одразуваат на вкупниот општествен развој на една држава.

Економски развој и социјален напредок можат да бидат постигнати само во услови на здружено функционирање на властите, работодавачите и работниците.

Социјалниот дијалог претставува алатка со која учесниците имаат можност да постигнат консензус и да дадат придонес во спроведувањето на активности кои се од интерес на целата заедница. Тој ги вклучува сите видови на преговори, консултации и размена на информации помеѓу учесниците во однос на прашања од општ интерес поврзани со економската и социјалната политика.

Социјалниот дијалог бара силни и независни организации на работниците и работодавачите со развиени технички капацитети и пристап до релевантни информации. Социјалниот дијалог исто така, бара политичка волја и обврзаност, како и почитување на фундаменталните права за слобода на здружување и колективно договарање. Државата има важна улога во креирањето на стабилни политики и клима, поттикнуваат слободно здружување и функционирање на организации на работници и работодавачи.

Основа за воспоставување и функционирање на социјалниот дијалог во Република Македонија се:

- Законот за работни односи ("Сл. весник на РМ" 62/2005 година),
- Спогодбата за формирање на Економско- социјалниот совет ("Сл. весник на РМ" бр.113/2010),
- Конвенцијата на МОТ за слобода на здружување и заштита на правото на организирање бр. 87,
- Конвенцијата на МОТ за правото на организирање и колективни преговарање бр. 98,
- Конвенцијата на МОТ за трипартитни консултаци бр. 144,
- Препораката на МОТ бр. 152 за меѓународни трудови стандарди.

Социјалниот дијалог во Република Македонија функционира на повеќе нивоа, и тоа на трипартитно и бипартитно ниво. Истиот може да биде организиран на национално и локално ниво.

Со Законот за работни односи од 2005 година се постави законска рамка за функционирањето на социјалниот дијалог на бипартитно и трипартитно ниво. Законот утврдува правила за создавање на организации на работници и работодавачи како и за колективното договарање на работните односи помеѓу двете страни. Овој закон дава основа и за создавање на Економско Социјален Совет (ЕСС) кој служи како форум за трипартитни консултации помеѓу Владата на Република Македонија и социјалните партнери за економски и социјални прашања, како и прашања на трудот. Примарниот принцип на функционирање на ЕСС е консензус.

Имплементацијата на активностите во планот ќе се следи на годишно ниво и по потреба ќе се врши прилагодување и надополнување на истиот, согласно промените во внатрешното и надворешното окружување на советот.

## МЕТОДОЛОГИЈА НА ИЗРАБОТКА НА СТРАТЕШКИОТ ПЛАН

Стратешкиот план на ЛЕСС Штип е подготвен со учество на сите членови на ЛЕСС во периодот април – јули 2013 година. Основите на стратешкиот документ беа поставени на дводневната работилница одржана во Берово, а планот беше доработен на втората еднодневна работилница која се одржа во Штип.

Подготовката на стратешкиот план ги содржеше следните чекори:

- Анализа на окружувањето,
- SWOT Анализа,
- Дефинирање визија, мисија и заеднички вредности на ЛЕСС Штип
- Дефинирање на приоритетни области
- Дефинирање на стратешките цели
- Подготовка на акционен план и временска рамка за имплементација
- Анализа на засегнати страни

Во подготовката на документот сите членови на ЛЕСС од свој аспект дадоа придонес за развивање на сеопфатен и корисен стратешки документ кој ги отсликува потребите и предлозите на засегнатите страни.

Изработката на Стратешкиот план за Локалниот Економски Социјален Совет (ЛЕСС) на Општина Штип е помогната од ЦеПроСАРД како дел од активностите на проектот Младинска мрежа за стекнување вештини за вработување (Мрежа ЈЕС), имплементиран од Центарот за развој на образованието (ЕДЦ), непрофитна организација од САД и финансиран од Агенцијата за меѓународен развој на САД (УСАИД).

# 1. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОПШТИНА ШТИП

## 1.1 Општина Штип – основни податоци

Општина Штип се наоѓа во централниот источен дел на Република Македонија. Зафаќа простор со површина од 893 км$^2$, односно 3,1 % од површината на државата. Во рамките на општината има 71 населено место. Се граничи со седум општини и тоа: Радовиш, Конче, Неготино, Градско, Лозово, Свети Николе и Карбинци. Територија на Општина Штип лежи во средно сливно подрачје на реката Брегалница.

Општината Штип се наоѓа помеѓу 41°31'15" и 41°44'25" северна географска ширина и 22°10' и 22°13' источна географска должина. Подрачјето на Штип претежно е со планинска и ридска местоположба, со исклучок на Кочанската, Овчеполската и Лакавичката котлина со долините на реките Брегалница и Лакавица. Просек на висинска разлика во целина помеѓу планинските ср'тови и рамнинските предели по течениjата на реките изнесува 1300 м, а средна надморска висина е 250м.



Слика 1 Местоположба на општина Штип

На картата е прикажана местоположбата на општина Штип во границите на Република Македонија.

## 1.2 ПЕСТЛЕ Анализа

### 1.2.1 Политички фактори

Република Македонија го оствари своето право на самоопределување по одржаниот референдум на 8 септември 1991 година, стекнувајќи ја, единствена од поранешните членки на југословенската федерација, својата независност по мирен пат во процесот на распаѓањето на поранешна Југославија.

Процесот на приближување на Република Македонија кон ЕУ непосредно по осамостојувањето, за разлика од повеќето нови демократии во централна, источна и југоисточна Европа беше забавен, поради задоцнетото признавање на Република Македонија како независна држава (во 1993 година). Дипломатските односи со ЕУ беа воспоставени во 1995 година, по што следеше склучувањето на

Спогодба за соработка. Зачленувањето на Република Македонија во ФАРЕ во 1996 година овозможи позначаен поттик на процесите кон водеа кон натамошно приближување кон Унијата.

Република Македонија беше прва држава од регионот со која ЕУ склучи Спогодба за стабилизација и асоцијација во 2001 година, која влезе во сила на 1 април 2004 година, повторно како прва спогодба од ваков вид која влегува во сила.

Низ процесот на интеграција во меѓународните трговски текови, Македонија воспостави голем број мултилатерални и билатерални договори. Со овие договори (влез во СТО, договор за слободна трговија со ЕУ, членство во ЦЕФТА, договорите за слободна трговија со Турција и Украина) се овозможи голема либерализација во трговијата и безцарински пристап (иако не секаде неограничено).

Во декември 2005 година Европскиот Совет, во чиј сосотав се шефовите на држави и влади на земјите членки на Република Македонија и додели статус земја кандидат за членство во Европската унија. Визната либерализација за граѓаните од Македонија кои патуваат во шенген зоната влезе во сила во декември 2009 година.

Во март 2012 година Македонија со комисијата го започна Пристапниот дијалог на високо ниво – ХЛАД (High Level Accession Dialogue), со што се продолжи поддршката од ЕУ во процесот на спроведување на клучните реформи во земјата.

Како земја со кандидатски статус, на Република Македонија и се на располагање средствата од ЕУ од инструменотот за претпристапна помош ИПА. Инструмент за претпристапна помош (ИПА) е дел од пакетот за надворешни односи. ИПА како и останатите елементи од тој пакет претставуваат голема можност за рационализирање и поедноставување на процедурите на Европската Комисија и подобрување на кохерентноста и координацијата на активностите на Комисијата. Поддршката од ИПА е насочена кон следните области (компоненти): Компонента 1 - Транзициска помош и институционална надградба; Компонента 2 – Прекугранична соработка; Компонента 3 – Регионален развој; Компонента 4 – Развој на човечки ресурси и Компонента 5 – Рурален развој.

Граѓанското општество доби голема поддршка од ЕУ во рамки на ИПА за помош на граѓанското општество и националните програми, како и преку Европскиот инструмент за демократија и човекови права. Според законот за Здруженија на граѓани и фондации, бројот на регистрирани НВО во основниот суд Штип е 190 НВОи, од кои 66 се спортски клубови. Во Штип функционираат здруженија со различна мисија на делување, но најголемиот број од нив се фокусирани кон одржување на животната средина, развојот на демократијата и владеење на правото, подигнување на степенот на почитување на човековите права и меѓуетничката соработка, подобрување на положбата на жените во општеството.

Република Македонија активно учествува во следните програми на ЕУ: Седмата рамкова програма за истражување, Програмата за претприемништво и иновации, Напредок, Култура, Европа за граѓаните, Фискалис 2013, Царина 2013, Програмата за интелигентна енергија.

Имајќи ги во предвид сите горенаведени факти за политичката состојба во Република Македонија, може да се заклучи дека е воспоставена основа за развој на социјалниот дијалог, која понатаму треба да се следи и прилагодува на условите во кои функционираат сите загегнати страни.

### 1.2.2 Економски фактори

<u>Економска состојба во Република Македонија</u>

Порастот на Бруто Домашниот Производ – БДП кој претставува важен показател за економијата во една држава, за Република Македонија во 2010 година изнесуваше 2.9%, а во 2011 година бележи мал пад и изнесува 2.8%[1].

[1] Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Македонија 2013 година

Со цел да се создадат поволни услови за инвестиции и економски развој, Република Македонија воведе исклучително поволна даночна политика. Данокот на добивка е 10%, персоналниот данок на доход е исто така 10%, а данокот на додадена вредност е 18% и 5% за производите со повластена стапка. Со воведување на овие мерки Македонија се вбројува во земјите со најниски даноци во Европа. Покрај тоа, Република Македонија е потписник на повеќе договори за слободна трговија:

**1) Централноевропски договор за слободна трговија (ЦЕФТА 2006)**

ЦЕФТА 2006 е потпишан на 19 декември 2006 година во Букурешт, а стапи на сила на 22.11.2007 година. Потписнички на договорот се: Република Македонија, Албанија, Босна и Херцеговина, Хрватска, Молдова, Црна Гора и УНМИК за територијата на Косово. Покрај либерализацијата на трговијата со стоки, ЦЕФТА 2006 отвора простор за зголемена соработка помеѓу нејзините членки и во следниве области: трговијата со услуги, јавни набавки, инвестиции и заштита на интелектуалната сопственост.

**2) ЕФТА Договор**

ЕФТА Договорот е мултилатерален Договор склучен помеѓу Република Македонија и Швајцарската Конфедерација, Кралството Норвешка, Република Исланд и Кнежевството Лихтенштајн на 19.06.2000 година во Цирих. Собранието на РМ го ратификува Договорот во ноември 2001 година (Службен весник на РМ број 89/2001), а неговата примена отпочна на 1 мај 2002 година. Со овој Договор се обезбедува асиметричен пристап во одвивање на трговијата со индустриските и земјоделско - прехранбените производи во полза на Република Македонија. Со тоа, македонските индустриски производи се извезуваат слободно без царина на пазарите на ЕФТА државите, за потребите на 12 милиони жители. Од друга страна, трговијата со индустриски производи при увозот од ЕФТА државите во РМ се одвива во различен транзиционен период поединечно за секоја држава на ЕФТА и тоа во период од четири, седум и девет години. Во 10-та година од примената на Договорот, размената во двете насоки ќе се одвива без царина.

**3) Договор за слободна трговија меѓу Република Македонија и Украина**

Договорот за слободна трговија меѓу РМ и Украина претставува правна рамка со која се регулира билатералната трговска соработка меѓу двете земји и се применува од 10 септември 2001 година.

**4) Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција**

Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и Република Турција ја регулира трговијата меѓу двете држави и се применува од 1 септември 2000 година.

**5) Спогодба за стабилизација и асоцијација**

Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европските заедници и нивните земји-членки (ССА) е постојната правна рамка која ги регулира односите на Република Македонија со Европската унија.

Република Македонија потпиша ССА на 9 април 2001 година во Луксембург, а Спогодбата стапи во сила на 1 април 2004 година. Деловите од ССА кои ги регулираат трговијата и трговските прашања стапија во сила на 1 јуни 2001 година со посебната Времена спогодба за трговија и трговски прашања меѓу Република Македонија и Европската заедница. Со оваа спогодба се обезбеди асиметричен пристап во одвивање на трговијата со индустриските и земјоделско - прехранбените производи во полза на Република Македонија. Со тоа, македонските индустриски производи се извезуваат слободно без царина на пазарите на ЕУ, а трговијата со индустриски производи при увозот од ЕУ предвидено е постепено да се либерализира во период од 10 години. Во 10-та година од примената на Спогодбата (2011 година), размената во двете насоки ќе се одвива без царина.

Економски состојби во општина Штип

Бруто годишниот производ во 2006 година во Источниот плански регион, во кој припаѓа општина Штип учествува со 6,4 % во бруто домашниот производ на Република Македонија.

Споредбата на основните економски показатели на Штип во однос на националната економија и регионот во кој се наоѓа, е од суштинско значење за квалитативно согледување на состојбата на локалниот економски развој, во однос на поширокиот економски контекст.

Источниот регион, според условната поделба на региони на Државниот Завод за Статистика, во однос на неколку важни економски показатели (БДП по жител во УСД и просечна стапка на раст на БДП според методата на куповна моќ) е на петто до шесто место, од вкупно осум региони. Меѓутоа во однос на стапката на вработеност, односно невработеност, како регион е на трето место споредено со просекот на државно ниво.

Развојот на стопанството во Источниот плански регион беше под силно влијание на општите услови за стопанисување во Република Македонија, со силен белег на карактеристиките на транзицијата и со нагласени реформски зафати во сите сфери на општественото живеење: сопственичка трансформација, афирмација на стоковото производство, приватизација и преструктуирање на претпријатијата. Транзициските проблеми ги доведоа во незавидна положба некогашните индустриски гиганти кои работеа во овој регион.

Како и во другите региони и во Источниот регион најзначајни носители на стопанскиот развој се малите и средните претпријатија кои учествуваат со 72% во вкупното производството и со 76% во вкупниот број вработени во нефинансискиот сектор во 2006 година.

Во графиконот во продолжение се дадени активни деловни субјекти по големина:

**Графикон 1** Активни деловни субјекти по големина во општина Штип




*Извор: Државен завод за статистика, Статистички годишник на Република Македонија, 2013

Во Регионот делуваат и повеќе агроиндустриски претпријатија, сточарски фарми, кланица со ладилник, дестилерија и др. Најзначајни сектори во регионот се текстилната индустрија, дрвната индустрија и чевларската индустрија, трговијата и земјоделството. Основен белег на стопанството во Штип е текстилната индустрија што повеќе од половина век успешно опстојува на штипското тло. Споредено со европските градови, Штип е еден од водечките, според бројот на вработени во текстилството. Тоа значи дека приватните фирми од кластерот се носители на вработувањето на штипјани. Воедно, важни се за воспоставувањето на деловните односи со странските партнери.

**Табела 1** Структура на деловните субјекти според Националната класификација на дејности по стопански сектори:

| Реден број | Стопански сектор | Број на регистрирани субјекти | |
|---|---|---|---|
| 1 | Земјоделство, лов и шумарство | 121 | 2.7% |
| 2 | Рибарство | 1 | 0.02% |
| 3 | Вадење на руди и камен | 2 | 0.05% |
| 4 | Преработувачка индустрија (производство на прехранбени производи и пијалоци, производство на тутунски производи, текстилни ткаенини, штавење, доработка и производство на кожа, производство на куфери, торби и обувки, преработка на дрво и производи од дрво, производство на целулоза, хартија и производи од хартија) | 664 | 15% |
| 5 | Снабдување со електрична енергија, гас и вода | 5 | 0.1% |
| 6 | Градежништво | 113 | 2.6% |
| 7 | Трговија на големо и мало, поправка на моторни возила, мотоцикли и предмети за лична употреба и за домаќинствата | 2331 | 52.8% |
| 8 | Хотели и ресторани | 250 | 5.7% |
| 9 | Сообраќај, складирање и врски | 307 | 7% |
| 10 | Финансиско посредување | 3 | 0.1% |
| 11 | Активности во врска со недвижен имот, изнајмување и деловни активности | 158 | 3.6% |
| 12 | Јавна управа и одбрана, задолжителна социјална заштита | 29 | 0.7% |
| 13 | Здравство и социјална работа | 66 | 1.5% |
| 14 | Образование | 34 | 0.8% |
| 15 | Други комунални, културни, општи и лични услужни активности | 332 | 7.5% |
| Вкупно | | 4416 | 100% |

Развојот на индустријата се планира и преку слободната индустриска зона, а како дополнителен стимул се јавува изградбата на карго-аеродром, согласно проект на Владата на Република Македонија, кој со проширување и преадаптација би прераснал во главен аеродром на државата.

Вкупната земјоделска површина во општина Штип изнесува 31.757 ха, од кои 9.906 ха се обработливи површини. Карактеристика и благодет на земјоделството во Штип е тоа што во овој дел на Овчеполието протекуваат водите на ХС Брегалница и поголем дел од земјоделските површини се опфатени со системот за наводнување.

Рурален развој во Општина Штип

Согласно Под-стратегијата за рурален развој на Општина Штип 2012-2017, идентификувани приоритетни области на делување се:

- Развиено земјоделство со унапредување на животната средина
- Инфраструктурно уредување

- Мало стопанство
- Развиен туризам

На следната слика е претставена шемата на Подстратегијата за рурален развој на општина Штип.




**Слика 2** Приказ на под-стратегија за рурален развој на општина Штип

Приоритетните области претставуваат идентификувани сектори врз кои организирано ќе се насочуваат активностите поврзани со руралниот развој во општината. Дополнително, приоритетните области претставуваат стремежи и амбиции на граѓаните, правните субјекти и општинската администрација за иднината и физиономијата на руралните средини на општината. Важно е да се напомене дека секоја од овие области има еднаква приоритетна важност за општината и нивната редоследна поставеност не значи дека со тоа е направена и нивна приоритизација по важност.

Состојба со невработеност во општина Штип

Заклучно со 31.05.13 година, во Центарот за вработување Штип евидентирани се 2.580 невработени лица. Според местото на живеење на невработените лица, од вкупниот број 2.580 лица, 90% се невработени лица кои потекнуваат од град, додека од селата како невработени се пријавиле 10%. Мажите во вкупниот број на евидентирани невработени се застапени со 60% или 1.547 лица, во споредба со жените кои во вкупната невработеност учествуваат со 40% или 1.033.

Според националната структура, распределбата е следна:

| | |
|---|---|
| Македонци | 2.396 лица или 91.8% |
| Власи | 75 лица или 2.9% |
| Турци | 61 лице или 2.3% |
| Роми | 58 лица или 2.2% |

Со застапеност помала од половина процент се:

| | |
|---|---|
| Срби | 6 лица |
| Муслимани | 4 лица |
| Хрвати | 3 лица |
| Албанци | 2 лица |
| Други | 2 лица |

**Карактеристики на невработени според старосната структура**

Анализата на старосната структура на евидентираните невработени лица, во Центарот за вработување Штип, покажа дека со релативно поголема застапеност се издвојуваат постарите од 50 години и повеќе со 50% (1.296), лицата на возраст од 40-49 години со 11.8% (305), од 30-39 години учествуваат со 14.6% (378), додека младите на возраст до 29 години со 23,2 (601), во вкупната невработеност на општина Штип.

**Карактеристики на невработени според образование**

Анализата на невработените лица според степенот на образование, заклучно со мај 2013 година укажува дека 30,8% од евидентираните невработени лица се неквалификувани, полуквалификувани лица или НЦО (796), квалификувани невработени лица се (424) или 16,4%, додека бројот на евидентирани лица со завршено средно образование изнесува (733) 28.4%, со високо образование (89) 3,4%, лицата со повисок степен на образование како високо образование се (504) 19,5%, а завршени со звање магистри се застапени со 1.2% или 33 лица.

Состојбата со невработени лица – корисници на паричен надоместок кои се евидентирани во АВРМ – ЦВ Штип, заклучно со 31.05.2012 година е претставена во Табела бр.3.

**Табела 2** Корисници на паричен надоместок евидентирани во АВРМ.

| Невработени, корисници на паричен надоместок | Евидентирани невработени лица корисници на паричен надоместок |
|---|---|
| **ВКУПНО** | **830** |
| Жени | 265 |
| Мажи | 565 |

## Локална даночна политика на Штип

Во согласност со генералниот процес на децентрализација во Република Македонија, еден од клучните димензии е и фискалната децентрализација, т.е. фискална автономија во надлежноста на локалните самоуправи. Освен трансферите од буџетот на централната влада, кои секако следуваат во согласност со Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (ЕЛС), други закони и пратечка регулатива им овозможуваат на ЕЛС финансиска автономија и во одредувањето на висината на следниве даноци и давачки на локално ниво:

- Даноци на недвижен имот, поклон и наследство (Закон за даноци на имот)
- Комунални такси за приклучување и користење на сите видови на комуналната инфраструктура (Закон за комуналните такси), и
- Административни такси (Закон за измени на законот за административни такси)

Висината на овие локално дефинирани даноци и давачки, како и ефикасноста во нивното дефинирање и издавање дозволи и документација за старт на нови бизниси, како и проширување на дејноста или обемот на постоечките бизниси (фирми) се еден од клучните фактори на локалниот бизнис амбиент во секој локален територијалитет. Данокот на недвижен имот во општината изнесува 3%.

### 1.2.3 Социјални фактори

### Демографски карактеристики

Општината има густина на населеност со стапка од 81,95 жители/км$^2$. Следено од пописот од 2002 година, во населените места живеат 47.796 жители од кои 23.876 се жени и 23.920 се мажи. Во согласност со проценките на населението во 2007 година, општина Штип имала 48.227 жители. Стапката на пораст на населението е за околу 3,1%, од 2002 до 2007 година.

*Возрасна и полова структура на населението*

Популацијата, која ја населува општината, се карактеризира со значителни промени, во насока на намалувањето на учеството на младите и значителен пораст на уделот на повозрасното население. На следните табели, прикажани се возрасната и половата структура на населението:

**Графикон 2** Возрасна и полова структура на населението



Во однос на старосната структура на населението, старосната група од 15 до 64 години е најзастапена со 72%, додека во најстарата група (над 85 години), припаѓаат само 10% од вкупното население, а деца од 0 до 14 години се застапени со 18%.

*Национална припадност на населението во општина Штип*

Во општина Штип 12,2% од населението припаѓа на различни малцински етнички заедници.

Процентуалниот удел на националностите во општината е следниот: Македонци – 87,18%; Срби – 0,615%; Албанци – 0,025%; Роми 4,59%; Бошњаци – 0,02%; Власи – 4,339%; Турци – 2,661% и останати 0,554%.

**Графикон 3** Национална припадност на населението во Општината




*Школска подготовка на населението во општината*

Во однос на нивото на образованост на населението на општина Штип, статистичките податоци за лица над 15 години се следните: средно образование ~ 46%, основно образование ~ 27%, некомплетно основно ~ 9%, високо образование ~ 8%, вишо образование ~ 6%, без основно ~ 4%, магистри ~ 0,15%, возрасни кои се се' уште во процес на учење ~ 0,08%, додека најмалку застапени се докторите на науки со ~ 0,05%.

**Табела 3** Општина Штип, статистички[2] податок за лица над 15 години

| Вид на образование | Лица на д 15 години |
|---|---:|
| Без основно | 1408 |
| Некомплетно основно | 3405 |
| Основно | 10802 |
| Средно | 18085 |
| Вишо | 2317 |
| Високо | 3066 |
| Магистри | 60 |
| Доктори | 21 |
| Возрасни кои учат | 32 |

[2] Извор – Државен завод за статистика

Миграции

Општина Штип нема силно изразени миграциони карактеристики. Според податоците од Државниот завод за статистика, во изминативе три години бројот на доселени и отселени лица е приближно ист, дури во 2012 година, бројот е идентичен, односно 207 лица се доселиле и исто толку се отселиле.

**Табела 4** Доселени и отселени лица во општина Штип

| Година | ДОСЕЛЕНИ ЛИЦА | | | | ОТСЕЛЕНИ ЛИЦА | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Вкупно | од друга општина | од друго место во иста општина | од друга држава | Вкупно | во друга општина | во друго место во иста општина | во друга држава |
| **2010** | 236 | 197 | 35 | 4 | 177 | 142 | 35 | / |
| **2011** | 186 | 155 | 27 | 4 | 170 | 143 | 27 | / |
| **2012** | 207 | 168 | 35 | 4 | 207 | 170 | 35 | 2 |

Извор: Државен завод за статистика, Миграции 2010, 2011, 2012

Во 2012 година, во општина Штип се доселиле вкупно 207 лице, најмногу од кои од други општини, 168 лица, потоа 35 од друго место во рамките на иста општина и само 4 од друга држава. Интересен е податокот дека во 2012 година се отселиле ист број лица колку што се доселиле, односно вкупно 207, од кои најголем број, 170 од други општини, 35 од друго место во иста општина и 2 во друга држава.

Поради многубројните научно-образовни институции кои се наоѓаат во границите на општината, постои зголемување на бројот на привремено присутни лица, кои мигрираат во општината на различни временски интервали. Според податоците од Државниот завод за статистика, бројот на студенти кои се запишале на додипломски студии на факултетите во Штип за учебната 2012/2013 година изнесува 5653.

Образование

Според досегашната ситуација на подрачјето на општина Штип подрачната единица на Министерство за образование и наука од Штип е надлежна за основното и средно образование. Во склоп на Министерството, работи и државен инспектор за образование, со седиште во Штип. Според генералниот процес на децентрализација во РМ, и конкретно според Законот за локална самоуправа, од 2005 година, надлежноста за организирање на образованието и предшколското згрижување на децата е дел од ингеренциите на локалната самоуправа.

**Предучилишно воспитание**

Јавната установа за деца - „Вера Циривири-Трена" во своите работни единици врши згрижување и воспитување на деца од 8 месечна возраст до 7 годишна возраст, чија бројност е околу 1100.

**Основно образование**

Во општина Штип има четири основни општински училишта:

1. ООУ„Ванчо Прке“
2. ООУ„Гоце Делчев“
3. ООУ„Тошо Арсов“
4. ООУ„Димитар Влахов“

**Средно образование**

Средното образование во општина Штип се одвива во 4 средни училишта и тоа:

1. СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“
2. СОУ„Димитар Мирасчиев“
3. СОУ„Јане Сандански“
4. *СОУ„*Коле Нехтенин*“*

***СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“*** е воспитно образовна установа од општообразовен карактер. Во Гимназијата „Славчо Стојменски“ се вклучени 714 ученици од I до IV година распоредени во 26 паралелки (реформирано гимназиско образование) од кои 7 паралеки во I година со 188 ученика, 7 паралеки во II година со 208 ученика, 6 паралеки во III година со 152 ученика и 6 паралелки во IV година со 166 ученика. Според етничката припадност, во СОУ Гимназија „Славчо Стојменски“, 657 се Македонци, 2 Роми, 47 Власи, 7 Турци и 1 Албанец.

***СОУ„Димитар Мирасчиев“*** е средно стручно училиште кое образува кадри од текстилно кожарската струка. Во училиштето се застапени три профили од четиригодишно образование: конфекциски техничар, текстилен техничар и техничар за обувки. Од учебната 2011/2012 година во текстилната струка е воведен и профилот конфекциски компјутерски оператор, а во училиштето ќе се воведат и три нови струки и тоа од економско - правна, трговската струка, профил: техничар за трговија и маркетинг и применета ликовна уметност, профил: техничар за дизај на облека. Во учебната 2010/2011 година во СОУ„Димитар Мирасчиев“ се вклучени 272 ученика распоредени во 13 паралелки, од кои 2 паралелки во I година со 37 ученика, 3 паралелки во II година со 57 ученика, 3 паралелки во III година со 64 ученика и 5 паралелки во IV година со 114 ученика. Според етничката припадност во СОУ„Димитар Мирасчиев“, 234 се Македонци, 6 Власи, 12 Роми и 19 Турци.

***СОУ„Јане Сандански“*** се наога во источниот периферен дел на градот во близина на Медицинскиот центар и служи за образување кадри од здравствена струка кои се распоредени во пет профили: медицински сестри, забни техничари, медицинско-лабораториски техничари, физиотерапевтски техничар и фармацевтско-лабораториски техничар. Во учебната 2010/2011 година во СОУ„ Јане Сандански“ се вклучени 876 ученици распоредени во 28 паралелки, од кои во I година 7 паралелки со 238 ученика, во II година 7 паралелки со 220 ученика, во III година 7 паралелки со 199 ученика и во IV година 7 паралелки со 216 ученика. Според етничката припадност во СОУ„ Јане Сандански “, 800 се Македонци, 23 Власи, 18 Роми 13 Турци и 1 Албанец.

***СОУ„Коле Нехтенин“*** е сместено во индустрискиот дел на градот, средно стручно училиште кое образува кадри од електромашинската и угостителската струка. Во рамките на електротехничката струка постојат следните образовни профили: електротехничар-енергетичар, електротехничар за електроника и телекомуникации, електротехничар за компјутерска техника и автоматика. Во рамките на машинската струка постојат следните образовни профили: техничар за компјутерско управување, машински техничар, машинско-енергетски техничар, машински механичар по ГТЗ програма и конструкциски механичар - по ГТЗ програма. Во рамките на угостителската струка постојат следните образовни профили: келнер и готвач.

Во учебната 2010/2011 година во СОУ„ Коле Нехтенин “ се вклучени 837 ученици распоредени во 29 паралелки, од кои во I година 250 ученика во 8 паралелки, во II година 9 паралелки со 258 ученика, во III година 7 паралелки со 211 ученика и во IV година 4 паралелки со 131 ученик. Според етничката припадност во СОУ„ Коле Нехтенин “, 805 се Македонци, 6 Власи, 13 Роми и 12 Турци.

Во општина Штип е лоцирано и средното државно музичко училиште **„Сергеј Михајлов“**. Во Штип постои и Приватното средно музичко училиште **Оксиа** . Во средните општински училишта финансирањето се одвива преку блок дотации од Министерството за образование и наука.

**Високо образование**

Во општина Штип е лоциран Универзитетот „Гоце Делчев“ кој располага со **13 факултети** и **една висока школа**. Штип располага и со студентски дом и интернат за средношколци. Сместувачките капацитети се

зголемуваат со новиот студентски дом што е во изградба од страна на УГД со поддршка на Локалната самоуправа. Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип е основан од страна на Собранието на Република Македонија на 27 март 2007 година, како резултат на идејата за основање на универзитет во Штип, која е стара повеќе од 30 години.

Универзитетот е лоциран во повеќе македонски градови: Штип, Струмица, Радовиш, Пробиштип, Виница, Свети Николе, Гевгелија, Кавадарци, Прилеп и Скопје и во негов состав влегуваат јавни факултети, односно единици кои вршат високообразовна и научноистражувачка дејност во сите степени на високото образование.

Универзитетот започна со 7 (седум) факултети и една висока школа и тоа: Правен факултет, Економски факултет, Педагошки факултет, Факултет за рударство, геологија и политехника (сегашен Факултет за природни и технички науки), Земјоделски факултет, Факултет за информатика и Висока здравствена школа.Од студиската 2008/2009 година во состав на Универзитетот се шест нови факултети и тоа: Факултет за медицински науки, Филолошки факултет, Електротехнички факултет, Машински факултет, Технолошко-технички факултет и Факултет за туризам и бизнис логистика.

Покрај овие единици, во состав на Универзитетот се организирани и катедри, оддели, институти, центри, лаборатории, библиотеки и други внатрешни организациони единици: Геомагнетна опсерваторија, Универзитетски културен центар, Универзитетски спортски центар, Центар за односи со јавноста, Центар за доживотно учење, Центар за електронско учење, Центар за обезбедување на квалитет, Центар за меѓууниверзитетска соработка, Центар за кариера и развој, Информативно-технолошки центар, Универзитетска библиотека, Институт за историја и археологија, Институт за гастрономија, исхрана и диететика, Институт за информатика и Институт за јазици.

Универзитетот во Штип е организиран како најголемиот број европски универзитети. Функционира според моделот на интегриран универзитет. Со Универзитетот раководи ректорот. На Универзитетот се применува нов пристап кон студентите и кон стекнувањето на знаење, усогласен со практиките и искуствата на европските универзитети.

### 1.2.4 Технолошки фактори

Инвестиции во основни средства

Инвестициите во основни средства во Република Македонија, за последните три години, а според намената на вложувањата се дадени во табелата подолу.

Како што може да се види од табелата, на ниво на држава за 2011 година, најголеми инвестиции во основни средства имало во секторите: градежништво (29 594 милиони денари), преработувачка индустрија (12 548 милиони денари) и Транспорт и складирање (11 331 милиони денари).

**Табела 5** Инвестиции во основни средства во Република Македонија според намената на вложувања

| Намена на инвестициите (во милиони денари) | 2009 | 2010 | 2011 |
|---|---|---|---|
| | **81 872** | **78 805** | **94 698** |
| Земјоделство, шумарство и рибарство | 3 039 | 2 356 | 2 022 |
| Рударство и вадење на камен | 441 | 626 | 1 124 |
| Преработувачка индустрија | 14 514 | 10 327 | 12 548 |
| Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација | 7 310 | 7 079 | 6 570 |
| Снабдување со вода; отстранување на отпадни води, управување со отпад и дејности за санитација на околината | 2 067 | 4 436 | 1 507 |
| Градежништво | 24 495 | 28 769 | 29 594 |
| Трговија на големо и трговија на мало; поправка на моторни возила и мотоцикли | 6 286 | 8 057 | 8 720 |
| Транспорт и складирање | 2 124 | 2 146* | 11 331 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 2 600 | 2 017* | 858 |
| Информации и комуникации | 6 793 | 5 449 | 4 722 |
| Финансиски дејности и дејности на осигурување | 2 305 | 1 890 | 1 673 |
| Дејности во врска со недвижен имот | 290 | 277 | 706 |
| Стручни, научни и технички дејности | 258 | 115 | 835 |
| Административни и помошни услужни дејности | 206 | 442 | 433 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 5 553 | 6 341 | 7 252 |
| Образование | 1 286 | 1 389 | 869 |
| Дејности за здравствена и социјална заштита | 949 | 886 | 2 654 |
| Уметност, забава и рекреација | 1 265 | 324 | 1 065 |
| Други услужни дејности | 91 | 42 | 217 |

*Извор: Државен завод за статистика - Инвестиции во основни средства, 2011

На следната табела се дадени Инвестиции во основни средства според намената на вложувањата за општина Штип.

**Табела 6** Инвестиции во основни средства според намената на вложувањата за општина Штип

| Дејност | Инвестиции во милиони денари |
|---|---|
| Преработувачка индустрија | 373 |
| Градежништво | 106 |
| Трговија на големо и трговија на мало: поправка на моторни возила, мотоцикли | 126 |
| Транспорт и складирање | 109 |
| Објекти за сместување и сервисни дејности со храна | 2 |
| Информации и комуникации | 63 |
| Јавна управа и одбрана; задолжително социјално осигурување | 2 |
| Образование | 102 |
| Дејности на здравствена и социјална заштита | 17 |
| Уметност, забава и рекреација | 2 |
| Други услужни дејности | 2 |

*Извор: Државен завод за статистика - Инвестиции во основни средства, 2011

Истражување и развој

Економската и социјалната добросостојба на Република Македонија зависи од динамиката на продукцијата и квалитетот на апликацијата на новите знаења. Зголемувањето на компетентноста и конкурентноста на македонското општество во меѓународни рамки се објективизира во четири клучни процеси: подигањето на моќта на образованието, развојот на науката, негувањето и дисеминацијата на културата и културните вредности и стимулирањето на истражувањето и иновациите. За таа цел, согласно Националната програма за развој на образование во Република Македонија, Министерството за образование и наука презема мерки за стимулирање и поддршка на иницијативите кои се фокусирани во развојот на овие клучни полиња.

Во моментот, истражувањето и развојот во Македонија е на многу ниско ниво. Согласно Националната програма за развој на образование во Република Македонија, состојбата во Република Македонија и економската криза доведоа до уште подрастично опаѓање на можностите за примена на науката во развојот на економијата во земјата. Ваквата состојба предизвикува намалување на соработката на научноистражувачки план меѓу универзитетите, научните институции и економските субјекти. Научно-истражувачката работа во голема мерка се реализира во скромни услови и со минимални средства.

Во наредниот период, Министерството за образование и наука ќе преземе мерки за креирање на балансиран и флексибилен систем на соработка меѓу клучните партнери во истражувањето и развојот. Напоредно со тоа, ќе се направат напори за зголемување на партиципацијата во интернационалните истражувачки и иновациски мрежи и зајакнување на истражувачката инфраструктура.

Покрај тоа, посебен акцент ќе се стави на поврзувањето на образованието и истражувањето со пазарот на трудот. Со воведување на новите мерки, образованието ќе обезбеди комуникација на истражувањето со променливите потреби во сферата на трудот. Овие потреби во голема мера ќе ги детерминираат карактерот и содржината на образовната политика и планирањето на образованието и обуката во идниот период. Поврзувањето на образованието и истражувањето со пазарот на трудот ќе биде подобрено со инсталирање на механизми за зголемена соработка со бизнисот и индустријата.

Еден од инструментите со кои Европската Унија ќе ја исполнува новата Лисабонска агенда се и т.н. Програми на заедницата, фондови наменети за најразлични проекти на корисници од државите-членки, кои треба да придонесат за натамошна продлабочена европска интеграција во дадени области и кои, со текот на времето, можат да прераснат во заедничка политика на ЕУ. За да се обезбеди подобро искористување на средствата распределени во различните програми на заедницата, европската комисија дури и ги поедностави програмите опфатени со финансиската рамка 2007-2013. Имено, сега постојат т.н. рамковни програми кои обединуваат неколку програми од претходната финансиска рамка, така што дојде до унифицирање на правилата за поголема прегледност на програмите кои порано се финансираа и на оние кои се предвидени за периодот 2007-2013.

Со цел унапредување на истражувањето и науката, Македонија има на располагање неколку Европски програми. Програмата ЕУРЕКА е насочена кон развој на пазарно-ориентирани нови технологии и производи. Оваа програма им нуди на македонските истражувачки и индустриски организации конкретни можности за вклучување и соработка во меѓународни иновативни проекти. ЕУРЕКА ќе ги подобри активностите на македонските мали и средни претпријатија, големите компании, истражувачките центри, универзитетите и јавната администрација во насока на развој на пазарно-ориентирани проекти неопходни за поддршка на економскиот раст. Покрај тоа, на Македонија и се на располагање и средствата од Седмата рамковна програма на Европската Унија 2007-2013 наменета за најразлични истражувачки активности, почнувајќи од истражувања на политиките, па сè до најсложени технолошки истражувања. Со Програмата за конкурентност и иновации, која вреди 3,62 милијарди евра за периодот 2007-2013, претпријатијата, истражувачките центри, синдикатите, асоцијациите, агенциите, коморите, корпорациите, банките, инвестиционите фондови и уште многу други субјекти во Македонија можат да ги користат овие поволности, и тоа во форма на грантови со цел создавање на нови претпријатија, подобрување на извозот, зголемување на инвестициите, отворање на нови работни места и поддршка на производните процеси во различни области. Оваа програма се состои од три дела, и тоа: 1) Програмата за претприемништво и иновации; 2) Програмата за поддршка на политиката за информатичка комуникациска технологија, и 3) Програмата Интелигентна Енергија Европа.

Со оглед на фактот дека во општината Штип се наоѓа еден од универзитетските центри во Македонија, Универзитетот Гоце Делчев, дел од активностите на ЛЕСС на Штип треба да се насочат кон искористување на расположливите човечки капацитети и расположливата финансиска поддршка од националните и европските програми во оваа област.

### 1.2.5 Правни фактори

Најголем дел од меѓународните прописи и инструменти со кои се регулира областа на социо-економскиот развој, како и конвенции, национални закони и други прописи се донесени во државата. Реален проблем е несоодветна имплементација на постоечките законски рамки заради слабите механизми на спроведување и мониторинг. Меѓутоа, државата константно спроведува реформи и ги јакне капацитетите на сите релевантни чинители во општеството со цел да се подобри ситуацијата.

### 1.2.6 Еколошки фактори

Со процесот на децентрализација на власта, решавањето на еколошките проблеми и заштитата на животната средина е доделена во надлежност на локална самоуправа.

Единиците на локална самоуправа играат клучна улога во спроведување на голем дел од барањата, регулирани со националната законска регулатива од областа на животната средина. Некои од нив се следните:

- Формирање на локални мрежи за мониторинг на одделни медиуми и области од животната средина и доставување на податоците од истите, по претходно пропишани услови, до Министерството за животна средина и просторно планирање.
- Информирање на јавноста за случаите за надминување на дозволените емисии на загадување на животната средина и донесување акти за преземање на задолжителни мерки, доколку загадувањето е ограничено на подрачјето на територијата на општината.
- Воспоставување и одржување на Информативен систем, односно воспоставување и одржување на Регистар на загадувачки материи и супстанции и нивните карактеристики за подрачјето на општината и Катастар на животна средина и доставување на добиените податоци до надлежното министерство, најмалку еднаш месечно;
- Изготвување на Извештај за состојбата на животната средина на подрачјето на општината и негово доставување до надлежното Министерство за животна средина, на одобрување. Истиот треба да биде достапен за јавноста;
- Подготвување на Локален акционен план за животна средина, во согласност со донесената методологија од страна на министерот за животна средина;
- Спроведување Локален акционен план за животна средина
- Спроведување Стратегиска оцена на животната средина на одредени планови и програми. Општината е должна да ги следи ефектите врз животната средина од спроведување на планскиот документ и доколку има негативни ефекти, да го извести надлежното министерство;
- Обезбедување на сите потребни мерки и пропишување на постапки со кои се обезбедува остварување на правото за пристап до информациите и учество на јавноста во донесување на одлуките кои се однесуваат на состојбата на животната средина, како и обезбедување на изјаснување на јавноста во постапката за донесување на тие одлуки;
- Определување овластено лице, кое ќе биде одговорно за остварување на правото за пристап до информации за животна средина и обезбедување на просторија во која заинтересираните ќе можат да ги разгледаат или да извршат увид во бараните информации за животна средина;
- Обезбедување пристап до бараните информации за животна средина во најкраток можен рок, не подоцна од еден несец од денот на приемот на барањето за информација, а ако се работи за пообемна и покомплексна информација, најдоцна два месеца од денот на приемот на барањето за информацијата;
- По одредување од страна на Владата на Република Македонија, одобрување или одбивање на Елаборат за заштита на животна средина, преку издавање на решение за одобрување или одбивање и водење Регистар за одобрени елаборати;
- Издавање на Б-интегрирани еколошки дозволи и дозволи за усогласување со оперативен план, односно водење на постапка за интегрирано спречување и контрола на загадувањето. За општините кои припаѓаат кон градот Скопје, тие ингеренции ги презема градоначалникот на Град Скопје;
- Изготвување на Надворешен план за вонредни состојби (спречување и контрола на хаварии со присуство на опасни супстанции), врз основа на добиените внатрешни планови за вонредни состојби од инсталациите и негово доставување до надлежното министерство;
- Изработка на документ за одржлив развој – Локална агенда 21;
- Поставување на овластени инспектори за животна средина на локално ниво, кои вршат инспекциски надзор над примената на Законот за животна средина и прописите донесени врз основа на него;
- Преземање мерки и активности, кои се однесуваат на привремена и трајна забрана за вршење на определени дејности или промет на определени производи;

- Преземање на сите мерки и активности за заштита и унапредување на животната средина;
- Поттикнување на развој на образованието и јавната свест во областа на животната средина.

**Локални акциони планови за животна средина** се инструмент за поддршка на усогласување со барањата за животна средина во рамките на процесот на пристапување кон Европската Унија (ЕУ).

Општина Штип, во текот на 2003/2004 година, има изработено Локален план за животна средина, со што во голема мерка се идентификувани проблемите поврзани со заштита на животната средина, како и активностите потребни за нивно надминување. 74,19% од активностите од планот се реализирани. Во 2013 година е направена ревизија на Локалниот план за животна средина на општина Штип. Во ревидираниот документ се опфатени детални анализи на состојбите со животната средина, идентификувани се приоритетни области на делување и направен е детален план на активности, при тоа се опфатени и нереализираните активности од првиот Локален план за животна средина.

Во согласност со Локалниот план за животна средина на општина Штип, приоритетниte проблеми се наведени по следните тематски области:

- Управување со отпад
- Управување со води
- Воздух
- Управување со бучава
- Квалитет на живеење
- Управување со шуми, земјоделско земјиште и почва
- Биолошка разновидност и градско зеленило
- Подигање на јавна свест

## 2. ЕКОНОМСКО-СОЦИЈАЛЕН ДИЈАЛОГ ВО ОПШТИНА ШТИП

### 2.1 Цели и задачи на Локалниот Економско Социјален Совет – ЛЕСС на општина Штип

Локалниот Економско Социјален Совет во општина Штип е формиран во февруари 2013 година, како заедничко советодавно и консултативно тело на Општина Штип, основано од Општина Штип, Организацијата на работодавачи на Македонија, Сојузот на синдикати на Македонија - Синдикална канцеларија Штип и Конфедерација на слободни синдикати на Македонија. ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците и работодавачите во општината и дава свои мислења и предлози. Од специфичен интерес на ЛЕСС се прашањата за вработување на младите и зајакнување на врските помеѓу потребите на пазарот на труд дефинирани од страна на деловните субјекти и вештините што се развиваат кај младите преку образовниот систем.

ЛЕСС ги разгледува нацрт и предлог одлуките и други акти од надлежност на Советот на општината, од значење за економско-социјалните интереси на работниците и работодавачите, вработувањето, потребите на пазарот на труд и вештините што се развиваат кај младите, пред истите да бидат предмет на расправа на Советот на Општина Штип и по нив дава свое мислење.

Мислењата и иницијативите се доставуваат до Градоначалникот и Советот на Општината, кои во рок од 30 дена од денот на приемот на мислењето, го информираат ЛЕСС по однос на доставеното мислење. По своја инцијатива, ЛЕСС може да доставува мислења и предлози за економско-социјалните прашања до Градоначалникот и до Советот на Општината.

## 2.2 Состав и работни тела на ЛЕСС

ЛЕСС Штип брои 9 члена, кои се воедно и заинтересирани страни вклучени во работата на ЛЕСС Штип:

1. Општина Штип - 3 (три) члена, двајца претставника од Советот на општината и еден претставник од општинска администрација
2. Организација на работодавачи - 3 (три) члена
3. Сојуз на синдикати на Македонија, Синдикална канцеларија Штип - 2 (два) члена
4. Конфедерација на слободни синдикати на Македонија - 1 (еден) член.

Покрај редовните членови, во работата на ЛЕСС партиципираат:

- Агенција за вработување на Република Македонија, Центар за вработување Штип - 1 (еден) член
- Регионална занаетчиска комора Штип - 1 (еден) член
- Текстилен кластер - 1 (еден) член
- Агенција за привремени вработувања - 1 (еден) член
- Претставник од НВО секторот - 1 (еден) член
- Претставник од Универзитет ,,Гоце Делчев” Штип - 1 (еден) член
- Претставник од средните училишта - 1 (еден) член
- Претставник од Советот на млади, Штип - 1 (еден) член
- Претставник од ЦРИПР - 1 (еден) член

ЛЕСС ги следи состојбите и разгледува прашања кои се однесуваат на подобрувањето на економско социјалната положба на работниците и работодавачите во општината и дава свои мислења и предлози во тој контекст. Прашањата кои се во доменот на ЛЕСС се однесуваат на:

- локалната економска политика и мерки за економскиот и социјалниот развој и стабилност ;
- политика на вработувањето, особено вработувањето на младите;
- политика на цените и платите;
- конкуренцијата и продуктивноста;
- животниот стандард и сиромаштијата;
- развивање и унапредување на колективното договарање;
- поттикнување мирно решавање на колективните работни спорови;
- подобрување на работните услови и заштита на работа
- заштита на работната и животната средина;
- образование и професионална обука;
- здравствена и социјална заштита и сигурност;
- детска заштита;
- заштита на возрасните лица и лица со посебни потреби;
- демографски движења;
- приватизација;
- други прашања во согласност со актите на ЛЕСС.

ЛЕСС својата функција ја остварува преку:
- седници,
- работа на работни тела
- ангажирање на стручни лица за прашања од делокругот на работата на ЛЕСС
- индивидуална активност на членовите на ЛЕСС.

ЛЕСС може да покани и еминентни стручњаци како и преставници на други организации, да учествуваат во работа на работните тела.
За успешно и ефикасно работење, ЛЕСС формира комисии:

- за права од работен однос и социјални права
- за економски прашања

- за прашања од област на работното и социјалното законодавство
- колективно преговарање и мирно решавање на колективните спорови
- за образование и вработување
- за заштита на работната и животната средина
- за безбедност и здравје при работа
- за млади.

По потреба, ЛЕСС може да формира и други комисии, согласно актуелните прашања и интереси. Заради разгледување на ставовите по одделни прашања од својот делокруг, ЛЕСС може да формира постојани и повремени работни тела. Работата на ЛЕСС е јавна, а со седниците раководи Претседавачот на ЛЕСС. Начинот на работа на овие тела се утврдува со Деловник за работа на ЛЕСС.

### 2.3. SWOT Анализа

SWOT анализата (анализата на силните и слабите страни, како и можностите и заканите) на ЛЕСС Штип е претставена во следната табела:

.

**Табела 7** SWOT анализа на ЛЕСС Штип

| Силни страни | Слаби страни |
|---|---|
| • Поддршка на ЛЕСС од страна на локалната самоуправа<br>• Воспоставена формално правна рамка за функционирање на ЛЕСС<br>• Застапеност на сите засегнати страни во ЛЕСС<br>• Обезбедени технички форуми<br>• Обезбеден човечки потенцијал (различни профили)<br>• Интерес на медиумите за следење на активностите на ЛЕСС | • Недостаток на практично искуство и позитивни примери<br>• Недостаток на социјален дијалог помеѓу членовите<br>• Недоволна иницијативност на секое ниво во општината (НВО; граѓани, бизнис, ЛС)<br>• Релативно нов тим<br>• Недоволна информираност на членовите за улогата на ЛЕСС<br>• Недоволна медиумска покриеност (протокол, тв медиуми, весници, брошури, летоци, веб) |
| **Можности** | **Закани** |
| • Воспоставување на соработка со работни тела на локалната самоуправа<br>• Формирање на мрежа на ЛЕСС во Македонија<br>• Воспоставување на соработка со ЕСС на РМ<br>• Обезбедување на поддршка од проект USAID<br>• Можност на користење на буџетот од Општина Штип<br>• Привлекување на донации од различни донатори<br>• Високо развиена образовна мрежа од предучилишно, основно, средно и високо образование<br>• Развиена мрежа на институции од културата - НКЦ, НУБ, театар, музеј<br>• Поволна демографска структура<br>• Движења на млади-влез/излез<br>• Привлекување на странски капитал | • Промена на членовите на ЛЕСС<br>• Недоволен степен на децентрализација на образованието<br>• Недоволна мотивираност на членовите на ЛЕСС<br>• Минимизирање на идеите од страна на Советот<br>• Промена на законската регулатива<br>• Промена на политичкото опкружување<br>• Постојана промена на тим<br>• Економска криза |

Оваа алатка е многу важна во процесот на стратешко планирање, бидејќи овозможува идентификување и дефинирање на стратешките приоритети.

Силна страна на ЛЕСС е воспоставената правна рамка во која функционира ЛЕСС и одличната поддршка од Локалната Самоуправа на Општина Штип. Тимот на ЛЕСС вклучува голем број на стручни лица од различни профили, претставници на сите засегнати страни кои може да влијаат на подобрување на социо-економнскиот дијалог во општината. Иако е новоформиран тим, соработката во тимот е на високо професионално ниво. Покрај тоа, настаните и активностите на ЛЕСС се одлично прифатени од медиумите и особено од локалните медиуми постои голем интерес за медиумско покривање на активностите.

Како дел од идентификуваните слаби страни беше посочен недостатокот на искуство и позитивни примери на слични организации во земјата и регионот и недоволната информираност на членовите за улогата на ЛЕСС. Како новоформирана структура, ЛЕСС се' уште нема воспоставено социјален дијалог помеѓу членовите на високо професионално ниво и недостасува иницијатива од сите засегнати страни за подобрување на социо-економскиот дијалог.

Идентификуваните можности во опкружувањето кои се на располагање на ЛЕСС се искористување на поддршката од Општина Штип, високо развиена образовна мрежа на институции од основно, средно и високо образование, богат спектар на институции од културата, пораст на движењето на млади во и вон градот, поволна демографска структура и искористување на постоечките донатори за поддршка на активностите на ЛЕСС со цел подобрување на социо-економскиот дијалог во општината. ЛЕСС ќе ги фокусира своите активности со цел да се искористат можностите во опкружувањето, што ќе доведе до подобрување на социо-економската состојба за жителите во општина Штип.

Главни закани за успешното функционирање на ЛЕСС се постојана промена на тимот на ЛЕСС, промена на политичката гарнитура и незаинтересираност на Советот на Општината и на градоначалникот за активностите на ЛЕСС, минимизирање на идеите на ЛЕСС и економската криза и стабилноста на регионот и пошироко. Покрај тоа, промената и недостатокот на имплементација на законската регулатива може да допринесе до намалување на функционалноста на ЛЕСС Штип. Идентификацијата на заканите за работењето на ЛЕСС е важен чекор во планирањето на идните активности, со цел да се ублажи или минимизира нивното влијание врз ЛЕСС и квалитетот на живот во општината.

Анализата на силните и слабите страни, можностите и заканите покажа дека ЛЕСС има потенцијал за успешно спроведување на функциите за кој е основан, но исто така и дека пред него стојат големи предизвици, секако имајќи предвид и фактот дека овој совет е еден од првите од ваков тип во Македонија.

### 2.4. Анализа на засегнати страни

Анализа на засегнатите страни се состои од идентификување на внатрешните и надворешните засегнати страни и корисници на услуги и утврдување на нивните потреби.

- Внатрешните засегнати страни се: членовите на советот, органите на советот, органите на општината и сите органи кои во текот на работата соработуваат или зависат од работата на ЛЕСС.
- Надворешните засегнати страни се: граѓаните, одредени целни групи, невладините организации, универзитетите и другите институции кои директно или индиректно се засегнати или трпат одредено влијание од работата на советот, односно од неговите програми и активности.

Оваа анализа има за цел да ги утврди постапките на комуникација со внатрешните и надворешните засегнати страни, да се утврдат проблемите и потребите за да можат тие прашања да се обработат и да се пронајде решение преку соодветни мерки.

Резултатите од анализата на внатрешните/надворешните состојби претставуваат основа за сите други фази во стратешкото планирање, но и основа или појдовна точка за споредување и оценка на напредокот во спроведувањето на стратешкиот план и за негово ажурирање. Затоа, сите прибрани податоци и информации, самиот процес на анализирање и сите наоди треба детално да се евидентираат и чуваат.
Во следната табела е даден сумиран приказ на направената анализа на засегнати страни.

**Табела 8** Анализа на засегнати страни

| ГРУПИ НА ИНТЕРЕС | КОЈ Е НИВНИОТ ИНТЕРЕС | КАПАЦИТЕТ/ МОТИВАЦИЈА | РЕЛАЦИИ СО ДРУГИ ГРУПИ (++/- -) | ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПЛАНИРАНИОТ ПРОЕКТ |
|---|---|---|---|---|
| Општина Штип | • поквалитетен живот на граѓаните<br>• намалување<br>на невработеноста во општината | • моќ на одлучување<br>• голем капацитет<br>• соработка со засегнати страни | • АВРМ –<br>• ЦВ ШТИП ++<br>• Бизнис сектор +-<br>• синдикат +-<br>• ЗГ+-<br>• Образовни институции ++<br>• Невработени лица ++<br>• ЦСР ++ | • обезбедување на логистика и поддршка на реализација на идеите и активностите |
| АВРМ ЦВ ШТИП | • намалување на бројот на невработени лица | • промоција на програма и мерки за вработување<br>• спроведување на оперативниот план | • Општина Штип++<br>• синдикат+-<br>• ЦСР ++<br>• ЗГ+-<br>• Бизнис сектор++<br>• Образовни институции ++<br>• Невработени лица ++ | • обезбедување на информации за програми и мерки за вработување, број и структура на невработени лица и други информации потребни за имплементација на планот на активности на ЛЕСС |
| Бизнис сектор | • пристап до квалификувана работна сила<br>• зголемување на профит | • соработка со засегнати страни<br>• поголем профит<br>• зголемен пристап до информации | • Синдикат - -<br>• АВРМ++<br>• ЗГ --<br>• Невработени лица ++<br>• Образовни институции + -<br>• ЦСР - - | • Финансирање на одредени активности на ЛЕСС<br>• Соработка со ЛЕСС |
| Синдикати | • подобри услови за работа | • недоволна мотивираност<br>• непостоење на синдикат во бизнис секторот<br>• неинформираност за постоење на КСС | • Општина Штип + -<br>• Бизнис сектор- -<br>• АВРМ ЦВ ++<br>• ЗГ+-<br>• Образовни институции ++<br>• Невработени лица –<br>• ЦСР - - | • Соработка со ЛЕСС<br>• Размена на информации со ЛЕСС и можност за промоција на синдикатите и нивните активности |
| Здруженија на | • Поквалитетен живот на граѓаните | • мал број на активни граѓански | • Општина Штип + - | • Размена на информации |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| граѓани | во општина Штип | организации<br>• недоволно искористен капацитет на организациите<br>• недоволна вклученост на граѓанскиот сектор | • Синдикат - -<br>• АВРМ ЦВ +-<br>• Образовни организации +-<br>• Бизнис сектор --<br>• Невработени лица++ | • Соработка и заедничка имплементација на дел од активностите на ЛЕСС |
| Образовни институции | • подобрување на образовниот процес | • голем број образовни институции<br>• широк спектар на образовни програми | • Општина Штип++<br>• Синдикати + -<br>• ЦСР<br>• АВРМ ЦВ ++<br>• ЗГ ++<br>• Бизнис сектор ++<br>• Невработени лица -- | • Усогласување на образовните програми со потребите на пазарот на трудот<br>• Размена на информации и соработка со ЛЕСС во имплементацијата на дел од активностите вклучени во планот на активности на ЛЕСС |
| Невработени лица | • вработување | • преквалификации<br>• обуки | • Општина Штип ++<br>• Синдикати + --<br>• АВРМ ЦВ ++<br>• ЗГ + -<br>• Бизнис сектор ++<br>• Образовни институции -+ | • Можност за вработување<br>• Учество во активности<br>• Одбивање на понудена работа |
| Центар за Социјални Работи | • намалување на бројот на приматели на социјална помош | • воспоставување на соработка со засегнати страни<br>• спроведување на оперативниот план на центарот | • Општ Штип ++<br>• ЗГ ++.<br>• АВРМ ЦВ ++<br>• Образовни институции +-<br>• Бизнис сектор --<br>• Невработени .лица ++ | • Соработка со ЛЕСС и вклучување во имплементација на дел од активностите на ЛЕСС<br>• Обезбедување на информации потребни за имплементација на планот на активности на ЛЕСС |
| Медиуми | • Пристап до квалитетни информаци<br>• Зголемување на гледаност и следење на информациите од одредени медиуми | • доволен број на медиуми на локално и национално ниво<br>• добра покриеност на територијата на Штип и поширокиот регион | • Општ Штип ++<br>• ЗГ ++.<br>• АВРМ ЦВ ++<br>• Образовни институции +-<br>• Бизнис сектор ++<br>• Невработени .лица ++ | • Промоција на активностите и улогата на ЛЕСС<br>• Имплементација на заеднички активности со ЛЕСС |

# 3. ВИЗИЈА, МИСИЈА И ВРЕДНОСТИ

## 3.1. Визија

Европски профилиран центар во регионот со воспоставен социо-економски дијалог во кој младите ја препознават својата иднина.

## 3.2. Мисија

ЛЕСС е препознатливо професионално тело за креирање на проекти кои ќе придонесат кон подобрување на економско-социјалните услови во општина Штип.

## 3.3. Вредности

Преку почитување и усогласување на различните ставови и мислења на членовите на ЛЕСС и целокупната локална заедница, особено водејќи сметка за потребите на младите, одлучно, чесно и посветено работиме на реализирање на нашите цели, водејќи се од вредностите:

**Л** – лојалност кон интересите и потребите на сите граѓани на општина Штип

**Е** – единственост во настапот при застапувањето на интересите на граѓаните на општина Штип

**С** – стручност во пристапот и работата на советот

**С** – соработка со секој кој е подготвен да придонесе за доброто на општината

## 3.4. Приоритетни области

Приоритетни области на работење на ЛЕСС Штип произлегуваат од функцијата и улогата на ЛЕСС согласно документите за негово формирање и се насочени кон воспоставување на економско социјален дијалог преку кој партнерите во ЛЕСС ќе можат да ги реализираат своите индивидуални цели и програми. Во согласност со тоа, приоритетните област на ЛЕСС се следните:

- Економија
- Образование и
- Социјални работи.

# 4. СТРАТЕШКИ ЦЕЛИ

Членовите на ЛЕСС Штип, како најважни ги идентификуваа следните стратешки цели:

**Стратешки цели на ЛЕСС Штип**

- **Намалување на невработеноста на младите во општина Штип**
- **Зајакнување на капацитетите на ЛЕСС**
- **Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на општина Штип**

***Стратешка цел 1. Намалување на невработеноста на младите во општина Штип***

<u>Специфични цели:</u>

1.1 Прилагодување на образованието со потребите на пазарот на трудот

1.2 Подобрување на можностите за креирање на нови работни места

1.3 Создавање на услови и околности за вработување на младите

***Стратешка цел 2. Зајакнување на капацитетите на ЛЕСС***

Специфични цели:

2.1 Стекнување на нови знаења, вештини и искуства на членовите на ЛЕСС

2.2 Јакнење на капацитетите на ЛЕСС за односи со јавноста

2.3 Подобрување на соработката со ЛЕСС во Република Македонија

***Стратешка цел 3. Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на општина Штип***

Специфични цели:

3.1 Намалување на економските и социо-културни разлики во општина Штип

3.2 Идентификација на човечки ресурси во општина Штип

Деталниот Акционен план за реализација на стратешкиот план на ЛЕСС Штип се дадени во Прилог 1. Временската рамка за реализација на активностите е дадена во Прилог 2 од овој документ.

**Прилог 1: АКЦИОНЕН ПЛАН НА ЛЕСС ШТИП**

| ***Стратешка цел 1. Намалување на невработеноста во општина Штип, со посебен фокус на младите лица*** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Активност | Резултат | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет |
| **Специфична цел: 1.1 Прилагодување на образованието со потребите на пазарот на трудот** | | | | | | | |
| 1.1.1. | Анализа на сегашните планови и програми за вработување | Извештај од анализата | - Број на анкетирани<br>- интервјуирани лица<br>- Број на Фокус групи | -Анкетни листови<br>- Извештај од фокус групите | работна група на ЛЕСС и одделение за образование | - септем. 2013<br>- декем. 2013 | 4000,00 |
| 1.1.2. | Анализа на побарувањето на пазарот на трудот | Извештај од анализата | - број на спроведени интервјуа,<br>- број на состаноци<br>- број на вклучени лица, бизниси, институции | - листи на вклучени во истражување за анализа<br>- Подготвена анализа | експерти-консултанти, работна група на ЛЕСС /мониторинг и одделение за образование | -септември 2013<br>- февруари 2014 | 4000 Еур |
| 1.1.3. | Изработка на Локална Стратегија за прилагодување на образованието на потребите на пазарот на трудот | Подготвена Стратегија за прилагодување на образованието на потребите на пазарот на трудот | - број на вклучени лица, институции<br>- број на спроведени состаноци и настани<br>- подготвен документ | - листи на вклучени лица<br>- финална стратегија | работна група на ЛЕСС и одделение за образование | Фев. – септ. 2014 | 2000 |
| 1.1.4. | Инцијатива за децентрализација на средното стручно образование | Поднесена иницијатива во МОН | - подготвена и поднесена иницијатива | - копии од документи примени во МОН, ЗЕЛС... | работна група на ЛЕСС /мониторинг/ и одделение за образование, правна служба | април – септ. 2014 | 100 |
| **Специфична цел 1.2 Подобрување на можностите за креирање на нови работни места** | | | | | | | |
| 1.2.1. | Промоција на ЈПП, | Промовирани | - најмалку 10 | - Договор за ЈПП | - секретар, | 2014/2015 | 1000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ослободување од комунални надоместоци и други поволности за инвеститорите | поволности преку ЈПП | промотивни активности<br>- потпишан најмалку 1 договор за ЈПП | - листа на учесници<br>- фото документација | - ПР тим, | | |
| 1.2.2. | Промовирање на можностите за самовработување | Зголемена информираност за самовработување | - број на граѓани кои барале информации<br>- број на промотивни сесии<br>- број на објави на медиуми | - прес клипинг<br>- листи на учесници<br>- извештаи<br>- фото документација | - ЛЕР + ЛЕСС | 2014 | 2000 |
| 1.2.3. | Иницијатива за децентрализација за донесувањето на ДУП и нивна измена по барање на Бизнис секторот | Поднесена иницијатива до МТВ | -Подготвен и поднесен предлог | - подготвен документ<br>- копија од предаден документ во МТВ | - ЛЕР + ЛЕСС | | |
| 1.2.4. | Разгледување на можностите за олеснување на работотодавецот при нови вработувања | - Подготвен предлог мерки за олеснување<br>- Зголемена информираност на бизнис секторот | - број на спроведени активности<br>- број на промотивни сесии<br>- број на објави на медиуми | - листи на учесници<br>- извештаи<br>- фото документација<br>- подготвен предлог | - ЛЕР + ЛЕСС | 2014 | 2000 |
| **Специфична цел 1.3 Создавање на услови и околности за вработување** | | | | | | | |
| 1.3.1. | Дополнителна промоција на работниот клуб за млади при АВРМ Штип | | | | | | |
| 1.3.2. | Промовирање на активните мерки за вработувања на АВРМ, МТСП и др. | Промовирани активни мерки на АВРМ и други | - број на спроведени активности<br>- број на граѓани кои барале информации<br>- број на промотивни сесии<br>- број на објави на медиуми | - прес клипинг<br>- листи на учесници<br>- извештаи<br>- фото документација... | - ЛЕР + ЛЕСС | 2014 | 2000 |
| 1.3.3 | Изработка/ревизија на ЛАП за | Изготвен акционен | - број на | - листи на учесници | - ЛЕР + ЛЕСС, | до крај на | 500 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | вработување во согласност со национални Акциони Планови за вработување | план и поднесен до Совет на Општина Штип | организирани настани за креирање на ЛАП<br>- број на учесници во процесот на креирање на ЛАП<br>- предлог ЛАП<br>- одлука од Совет | - извештаи<br>- фото документација...<br>- работни документи и ЛАП документот | во соработка со АВРМ | 2013 | |
| 1.3.4 | Иницијатива за формирање на "Бизнис Старт Ап" Општина Штип | Погдотвена иницијатива | - изработен и презентиран предлог пред Совет<br>- одлука на Совет | - копии од документи примени во ЛС, одлуки на Совет на О.Штип | - ЛЕР + ЛЕСС | 2014 | 500 |
| 1.3.5 | Предлог за донесување на законска регулатива за вработување студенти и средношколци | Поднесен предлог до надлежни институции | - изработен и презентиран предлог пред Совет<br>- одлука на Совет<br>- доставена инициција до соодветни институции /комисии, министерства... | - копии од документи примени во ЛС, одлуки на Совет на О.Штип | - ЛЕР + ЛЕСС | 2014 | 500 |
| **Специфична цел 1.4. Иницијатива за отварање нови работни места преку привлекување странски инвеститори** | | | | | | | |
| 1.4.1 | Истражување на можности (информации за постојни иницијативи) за почнување нови бизниси кои би биле атрактивни за странски инвеститори(користење на расположливи природни извори на енергија,СПА и ЕКО туризам и сл.) | направена сеопфатна анализа | - број на спроведени активности<br>- број на заклучоци и препораки<br>- број на идентификувани можности<br>- анализата /документот<br>- број на вклучени лица/институции<br>- број на експертски | - листи на учесници на настани<br>- извештаи, документација | Општина Штип /одделение, консултанти-експерти, ЛЕСС ја следи работата | септември 2013 – март 2014 | 5000 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | часови /работни | | | | |
| 1.4.2 | Изработка на пакети со информации за предлог бизнис планови за најдобрите идеи со обезбедување поволности од ЛС Штип | подготвени пакети со информации/бизнис идеи и релевантни податоци/ | - подготвени најмалку 2 пакети за 2 идеи | - драфт верзии од документите...<br>- финални верзии од документите | Општина Штип /одделение, консултанти-експерти, ЛЕСС ПР тим | март-мај 2014 | 1000 |
| 1.4.3 | Промоција на бизнис планови пред меѓународни медиуми, саеми, средби и др. | промовирани планови пред домашни и меѓународни бизниси | - учество на најмалку 10 настани за промоција | - флаери и друг промотивен материјал<br>- прес клипинг<br>- листи на учесници<br>- извештаи<br>- фото документација. | ЛЕСС ПР тим, ПР тим на ЛС Штип | јуни – декември 2014 | 5000 |

| ***Стратешка цел 2. Зајакнување на капацитетите на ЛЕСС*** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Активност | Резултат | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет |
| **Специфична цел 2.1 Стекнување на нови знаења, вештини и искуства на членовите на ЛЕСС** | | | | | | | |
| 2.1.1 | Организирање на 3 обуки (комуникација и преговарања) | Зајакнати капацитетите на членовите на ЛЕСС на тема комуникациски и преговарачки вештини | -број на обучени членови на ЛЕСС | -Извештај<br>-листа на присутни<br>-Фото документација | ЛЕСС | март-дек 2014 | 200.000,00 МКД |
| 2.1.2 | Организирање обуки за подготовка на проекти, бизнис планови, достапни фондови, акциони планови и за надлежностите на Општината во рамки на областите на делување на ЛЕСС | Зајакнати капацитетите на членовите на ЛЕСС на опфатените теми | - број на обучени членови на ЛЕСС | -Извештај<br>-Листа на присутни<br>-Фото документација | ЛЕСС | континуиран о | 300.000,00 МКД |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2.1.3 | Организирање на Студиски посети за позитивни практики и искуства за 3 члена од ЛЕСС | Зајакнати капацитетите на членовите на ЛЕСС | - број на членови на ЛЕСС кои стекнале искуства и нови знаења на студиските патувања | -извештај<br>-работни материјали<br>-слики | претседавач 2 членови на ЛЕСС | ноември 2013/2014 | донации |
| 2.1.4 | Изготвување на прирачник за работа на ЛЕСС | Изготвен прирачник за работа на ЛЕСС | -испечатен и дистрибуиран прирачник | - 20 прирачници за работа | Членови на ЛЕСС | сеп 2013 – дек 2014 | / |
| | **Специфична цел 2.2 Јакнење на капацитетите на ЛЕСС за односи со јавноста** | | | | | | |
| 2.2.1. | Организирање на обуки за Односи со јавност на 3 членовиод ЛЕСС и изработен ПР План во соработка со другите ЛЕСС | Зајакнати капацитетите на членовите на ЛЕСС | -Број на реализирани обуки<br><br>-број на обучени членови<br>-изготвен ПР План | - извештај од обука<br>- листа на членови<br>- PR план | -Секретар на ЛЕСС<br>-членови на ЛЕСС | сеп 2013 – дек 2014 | 50.000,00М КД |
| 2.2.2 | Изработка на брошура, летоци, визит карти за членовите на ЛЕСС | - изработена брошура<br>- изготвени визит карти | - број на воспоставени контакти<br>- број на поделени брошури и визит карти | -копија брошура<br>-фактури<br>-копија визит карти | -ЛЕСС претседавач - еден член | септ 2013- дек 2014 | 20.000,00М КД |
| | Реализирање на емисии со локалните медиуми за работа на ЛЕСС | -реализирани три емисии во три различни недели | - број на реализирани емисии | - CD<br>- Прес клипинг | -ПР Тим | септември 2013-2014 | спонзорства |
| | **Специфична цел 2.3 Подобрување на соработката со ЛЕСС во Република Македонија ЛЕР (учество на саеми, бизнис средби)** | | | | | | |
| 2.3.1 | Иницирање за формирање на мрежа на ЛЕСС | -Формирана мрежа на ЛЕСС | -состаноци<br>-семинари<br>-одлука за формирање на мрежа | -извештаи<br>-записници<br>-фото документација | член на ЛЕСС на РМ | 2013/2014 | USAID YES |
| 2.3.2. | Редовна комуникација со ЛЕСС | Подобрена соработка | - најмалку 1 | -мејлови | секретар на | континуир. | / |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | од другите општиниво РМ и НЕСС | | комуникација месечно | - записници<br>- фото документација | ЛЕСС | | |
| 2.3.3 | Организирање на семинари за размена на искуства во мрежата на ЛЕСС | Реализирани најмалку 3 семинари | - најмалку 3 семинари | -извештај<br>-листа на присутни<br>-фото документација | Членови на ЛЕСС на РМ | 2013/2014 | USAID YES |

| ***Стратешка цел 3. Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на општина Штип*** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Р.Б. | Активност | Резултат | Индикатор | Извор за верификација | Одговорен | Временска рамка | Буџет |
| **Специфична цел 3.1 Намалување на економските и социо-културни разлики во општина Штип** | | | | | | | |
| 3.1.1 | Промовирање на фонд за социо-економски развој на општина Штип од локалните бизниси, Закон за спонзорства | Поднесена инцијатива до Совет на Општина | одлука на Совет на Општина Штип | писмена документација за формирање на фонд | -секретар на ЛЕСС<br>-заменик претседавач | декем 2013 | / |
| 3.1.2 | Колективно договарање на ниво на работодавец | Потпишан колективен договор | Број на потпишани колективни договори на ниво на работодавец | -Колективни договори<br><br>-Работодавец | Секретар на ЛЕСС | континуиран о | / |
| 3.1.3 | Следење на имплементирање на Колективно договарање на ниво на работодавец. | Извештај за реализација и почитување на КД од страна на потписниците | -Број на пополнети прашалници од работодавачи<br><br>-Број на анкетирани работници | -Извештај од анкета<br><br>-Анкетни прашалници | ЛЕСС<br><br>Секретар на ЛЕСС | континуиран о | / |
| 3.1.4. | Организирање на кампања за општествена одговорност на претпријатијата (организирање на состаноци со | Спроведена кампања | најмалку 3 гостувања на локални медиуми најмалку 10 | - CD<br>- прес клипинг<br>- записници<br>- извештаи | - ПР ТИМ<br>- Експерт | 2014 | USAID YES |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | медиум,конференции) | | состаноци<br>со големи бизниси<br>1 конференција<br>2014 | | | | |
| 3.1.5 | Подготовка и промоција на проекти од областа на економија, социјала, култура, туризам, спорт, здравство. | Изготвени и промовирани проекти | најмалку 7 проекти секој од различни области | проектна документација | проектен тим | 2013 / 2014<br>2015 | донатори<br>USAID YES |
| **Специфична цел 3.2 Идентификација на човечки ресурси во општина Штип** | | | | | | | |
| 3.2.1 | Креирање на база на податоци на расположивите човечки ресурси и потенцијали (невработени, вработени, студенти, средношколци) | Креирана и достапна база на податоци на човечки ресурси | -Број на субјекти во базата на податоци | -Функционална база<br><br>-Извештај од базата | -Секретар на ЛЕСС | крај на 2013 | / |
| 3.2.2. | Подготовка на проекти согласно расположивите ресурси за нивна функционална примена | Подготвени предлог проекти | - Број на изготвени проекти | -проектна документација | ЛЕСС | континуирано | донации |
| 3.2.3. | Промоција на базата на податоци и можност за нејзина достапност на сите сегменти | Информирана јавност за придобивките од користење на базата | - Број на објави<br><br>- Број на сите заинтересирани сегменти за користење на базата на податоци<br><br>- Број на гостувања по медиуми | -Објави<br>- медиуми<br>- гостување во емиции<br>- испратени инфо по меил на бизнис секторот, потенцијални инвеститори и на други заинтересирани субјекти<br>- социјални мрежи | -ПР ТИМ | континуирано | / |

## Прилог 2: ВРЕМЕНСКА РАМКА ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА АКЦИОНИОТ ПЛАН НА ЛЕСС ШТИП

| Р.Б. | Активности / Временски рок | 2013 | | | | | | 2014 | | | | | | | | | | | | 2015 | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 | 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 | 10 | 11 | 12 |
| **1** | **Стратешка цел 1. Намалување на невработеноста во општина Штип, со посебен фокус на младите лица** | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **1.1** | Специфична цел: 1.1 Прилагодување на образованието со потребите на пазарот на трудот | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.1.1 | Анализа на сегашните планови и програми за вработување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.1.2 | Анализа на побарувањето на пазарот на трудот | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.2.3 | Изработка на Локална Стратегија за прилагодување на образованието на потребите на пазарот на трудот | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.2.4 | Инцијатива за децентрализација на средното стручно образование | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **1.2** | Специфична цел 1.2 Подобрување на можностите за креирање на нови работни места | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.2.1 | Промоција на ЈПП, ослободување од комунални надоместоци и други поволности за инвеститорите | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.2.2 | Промовирање на можностите за самовработување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.2.3 | Иницијатива за децентрализација за донесувањето на ДУП и нивна измена по барање на Бизнис секторот | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.2.4 | Разгледување на можностите за олеснување на работотодавачот при нови вработувања | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **1.3** | Специфична цел 1.3 Создавање на услови и околности за вработување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.3.1 | Дополнителна промоција на работниот клуб за млади при АВРМ Штип | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.3.2 | Промовирање на активните мерки за вработувања на АВРМ,МТСП и др. | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.3.3 | Изработка/ревизија на ЛАП за вработување во согласност со национални Акциони Планови за вработување | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.3.4 | Иницијатива за формирање на "Бизнис Старт Ап" Општина Штип | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| 1.3.5 | Предлог за донесување на законска регулатива за вработување студенти и средношколци | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

| | |
|---|---|
| **1.4** | Специфична цел 1.4. Иницијатива за отварање нови работни места преку привлекување странски инвеститори |
| 1.4.1 | Истражување на можности (информации за постојни иницијативи) за почнување нови бизниси кои би биле атрактивни за странски инвеститори(користење на расположиви алтернативни извори на енергија,СПА и ЕКО туризам и сл.) |
| 1.4.2 | Изработка на пакети со информации за предлог бизнис планови за најдобрите идеи со обезбедување поволности од Л.С-Штип |
| 1.4.3 | Промоција на бизнис планови пред меѓународни медиуми,саеми,средби и др. |
| **2** | **Стратешка цел 2. Зајакнување на капацитетите на ЛЕСС** |
| **2.1** | Специфична цел 2.1 Стекнување на нови знаења, вештини и искуства на членовите на ЛЕСС |
| 2.1.1 | Организирање на 3 обуки (комуникација и преговарања) |
| 2.1.2 | Организирање обуки за подготовка на проекти, бизнис планови, достапни фондови, акциони планови и за надлежностите на општината во рамки на областите на делување на ЛЕСС |
| 2.1.3 | Организирање на студиски посети за позитивни практики и искуства за 3 чл.од ЛЕСС |
| 2.1.4 | Изготвување на прирачник за работа на ЛЕСС |
| **2.2** | Специфична цел 2.2 Јакнење на капацитетите на ЛЕСС за односи со јавноста |
| 2.2.1 | Организирање на обуки за Односи со јавност на 3 членовиод ЛЕСС и изработен ПР План во соработка со другите ЛЕСС |
| 2.2.2 | Изработка на брошура, летоци, визит карти за членовите на ЛЕСС |
| 2.2.3 | Реализирање на емисии со локалните медиуми за работа на ЛЕСС |
| **2.3** | Специфична цел 2.3 Подобрување на соработката со ЛЕСС во Република Македонија ЛЕР (учество на саеми, бизнис средби) |
| 2.3.1 | Иницирање за формирање на мрежа на ЛЕСС |
| 2.3.2 | Редовна комуникација со ЛЕСС од другите општиниво Р.М и НЕСС |

| | |
|---|---|
| 2.3.3 | Организирање на семинари за размена на искуства во мрежата на ЛЕСС |
| **3** | **Стратешка цел 3. Подобрување на квалитетот на живот на граѓаните на општина Штип** |
| **3.1** | Специфична цел 3.1 Намалување на економските и социо-културни разлики во општина Штип |
| 3.1.1 | Промовирање на фонд за социо-економски развој на општина Штип од локалните бизниси, Закон за спонзорства |
| 3.1.2 | Колективно договарање на ниво на работодавач |
| 3.1.3 | Следење на имплементирање на Колективно договарање на ниво на работодавач. |
| 3.1.4 | Организирање на кампања за оптестствена одговорност на претпријатијата (организирање на состаноци со медиум,конференции) |
| 3.1.5 | Подготовка и промоција на проекти од областа на економија,социјала,култура,туризам,спорт,здравство |
| **3.2** | Специфична цел 3.2 Идентификација на човечки ресурси во општина Штип |
| 3.2.1 | Креирање на база на податоци на расположивисе човечки ресурси и потенцијали ( невработени, вработени , студенти, средношколци ) |
| 3.2.2 | Подготовка на проекти согласно расположивите ресурси за нивна функционална примена |
| 3.2.3 | Промоција на базата на податоци и можност за нејзина достапност на сите сегменти |